# ПСМ БИЛТЕН

*- креираме иднина за младите во Македонија*

**Ноември 2007**

**Број 6**

**Наслови:**

- Градење на претприемничкиот дух меѓу младите во Македонија
- Глобалната недела на претприемништвото 2008
- Мрежата EOS

**Адреса:**
**ПСМ Фондација**
**Архимедова 6б**
**1000 Скопје**

**Контакт:**
**Тел: +389(0)2 3103 660**
**Факс: +389(0)2 3103 670**
**Веб страна:**
**www.yesincubator.org.mk**

Поддржано од Владата на Кралство Норвешка во соработка со Владата на Р Македонија

## Градење на претприемничкиот дух меѓу младите во Македонија

Овој билтен ќе го започнеме со рекламата на радио Антена 5 „Јас сум Тина Крлиу и имам своја компанија за дизајн на ентериер. Јас успеав, затоа дојдете и придружете ни се во ПСМ Инкубаторот”. Да, ова е нашата промотивна кампања за градење на претприемачкиот дух меѓу младите луѓе и начин да ги убедиме да започнат свој сопствен бизнис. Нашата цел е да ја разбудиме свеста за самовработување и бизнис инкубацијата.

Во овој контекст, започнавме успешна соработка со Европскиот Универзитет во Скопје и ЈИЕ Универзитетот во Тетово, каде што имавме презентација на студентите од завршните години.

Активностите на ПСМ Инкубаторт беа признаени од британската организација M a k e Y o u M a r k (www.makeyoumark.org.uk), која ја организира Глобалната недела на претприемништвото и го покани ПСМ инкубаторот да биде дел од овој овој настан во 2008 год. (www.enterpriseweek.org). Ова покажува дека полека, но сигурно претприемничките иницијативи растат се повеќе во земјата, формирајќи и произведувајќи нови претприемачи кои можат да конкурираат на глобалниот пазар. Се надеваме дека ноемврискoто издание на нашиот билтен ќе биде интересно и ќе го задржи вашето внимание.

Срдечно,

Тимот на ПСМ Фондација

***Аплицирај на www.yesincubator.org.mk***

## Глобалната недела на претприемништвото

Македонија е една од 37те земји од целиот свет, која ќе земе учество во првата глобална прослава на претприемничкиот дух во Ноември 2008.

На планирањето на овој настан, кој се одржа на 14ти септември во Лондон, претставници на повеќе од 37 земји, меѓу кои и ПСМ Фондацијата (www.yesincubator.org.mk) присусутвуваа на овој настан и заеднички дискутираа за орагнизацијата на настанот во следната година .



Глобалната недела на претприемништвото (www.enterpriseweek.org) е најголемиот и единствен настан од ваков вид кој што го промовира претприемништвото меѓу младите луѓе. Од 17-23ти Ноември 2008 година, милиони луѓе ќе земат учество во настани организирани од илјадници организации, во стотици градови низ светот. Целта на овој настан е да се создадат нова генерација на претприемачи , преку инспирирање на луѓето со активности во училиштата, работните места и на Интернет.

Оваа иницијатива привлече поддршка од широк спектар на светски лидери и претприемачи:



Гордон Браун

„Претприемничката недела е голем успех во Велика Британија- преку 5000 различни настани ќе земат учество оваа недела. Веќе другата година ќе се поврзат со корпорациски кампањи низ целиот свет преку Глобалната недела на претприемништвото. Со ослободување на креативноста и идеите меѓу младите луѓе во целиот свет, може да создадеме успешни производи и бизниси на иднината” Гордон Браун, Премиер на Велика Британија.



Карл Шрам

„Младите луѓе се инволвирани во претприемничкиот ризик секаде низ светот, преку нивната креативност, умешности енергија за започнување на бизнис и решавање на проблеми. Овој претприемнички дух – јадрото на Глобалната недела на петприемништвото- е непроценлив извор кој светот мора да го пронајде со цел да се искористат бенефициите од економскиот растеж од страна на што е можно повеќе луѓе во светот” Карл Шрам, Претседател и ЦЕО на Кауфман фондацијата.

## Мрежата EOS

Почнувајќи од ноември, ПСМ Фондацијата стана дел од Eu-roOffice Service (EOS) Мрежата (www.euroffice-services.eu).

Мрежата нуди активни бизнис услуги, кои го олеснуваат пристапот до меѓународните пазари. Членови на оваа мрежа се бизнис инкубатори и научни паркови низ целиот свет од различни области..

ПСМ Инкубаторот стана член од Македонија и поврзувачка нишка за сите други слични организации од Македонија кои сакаат да партиципираат во оваа организација.